# Е-БИЛТЕН 40

Март 2024

ЦеПроСАРД

## ЦеПроСАРД ги следи трите столба на одржливост: луѓе, планета и профит

Следејќи ги трите столба на одржливоста, тимот на ЦеПроСАРД во првите месеци од оваа 2024 година градеше партнерства и соработка во локалната заедница.

ЦеПроСАРД работеше на подигнување на знаењето на сите чинители во заедницата за да го минимизираат нивното негативно влијание врз животната средина со намалување на отпадот и емисиите, ефикасно користење на ресурсите и прифаќање зелени технологии.

Крајната цел на воведување на одржливост во сите сегменти, е да работиме на начин кој ја штити идната одржливост на бизнисот и заедниците на кои им служи, притоа почитувајќи ја и грижејќи се за планетата.

Со балансирање на економскиот успех со општествениот напредок и грижата за животната средина, заедно можеме да постигнеме вистински одржлив раст.

Придружете ни се!




*Три столба на одржливост (Популација-Профит-Планета)*

## Проект Зелена Топлина – воведување ефикасна услуга за греење ориентирана кон потрошувачите (преку мала дистрибутивна мрежа) која е базирана на обновливи извори на енергија

На 8 февруари 2024 година, по низа спроведени анализи и истражувања, партнерите на проектот Зелена топлина - ЦеПроСАРД и Општина Радовиш, потпишаа анекс на Договорот за имплементација на овој проект со Европската Делегација, со кој страните се согласија за унапредување на првично планираниот концепт на систем на греење кој ќе се воведе во петте определени јавни објекти во **Радовиш**.

Со проектот се воспоставува **модел на одржливи практики за греење во одредено урбано подрачје**, кој се карактеризира со широко распространета примена на енергетски ефикасни топлински пумпи воздух - вода кои се напојуваат со електрична енергија од ОИЕ; намалување на јаглеродните емисии и потрошувачката на енергија; и негување на одржлива енергетска култура во целата заедница. Со интервенцијата се опфатени детската градинка „Ацо Караманов“ (објект „Цветови“), општинското основно училиште „Крсте Петков Мисирков“, средното општинско училиште „Коста Сусинов“, општинската управна зграда и спортската сала „25 мај“.

Активностите на проектот, покрај **инсталација на топлински пумпи**, вклучуваат и развој на нов бизнис модел - односно **основање на посветена компанија за управување со енергија** „ЕЛРАД Енерџи-Радовиш“ која ќе биде одговорна за следење на користењето на енергијата, развој и усовршување на новиот бизнис модел, како и промоција на усвоениот новативен модел за греење преку активно ангажирање и мобилизирање на локалните заедници, засегнатите страни и жителите. Со тоа ќе се олесни споделувањето знаење, заедничките иницијативи и кампањите за подигање на јавната свест и ќе се поттикне широко усвојување на енергетски ефикасни практики, негување одржлива енергетска култура во рамките на заедницата и создавање трајно позитивно влијание врз локалната еколошка одржливост. Повеќе информации за проектот се достапни овде.

Проектот е со времетраење од 40 месеци, а имплементацијата започна на 15 јануари 2022 година. Проектот е ко-финансиран од Европската Унија.

## Проект Зелена Енергија - Поттикнување на социјалното претприемништво преку формирање пилот енергетски задруги во прекуграничниот регион

Во првите три месеци од годината, проектниот тим активно работеше на подготовка на стратешки документ **- Анализа со препораки до општините за формирање енергетски задруги базирани на ОИЕ и нивната улога во развој на социјално претприемништво** во соработка со Зелена Енергетска Задруга од Република Хрватска. По одржувањето на настанот *Тркалезна маса за мапирање на актери, нивната стручност, капацитети и размена на искуства и идентификување на степенот на интерес за соработка за формирање на енергетски задруги,* во општина Медвеѓа, процесот продолжи со прибирање и анализа на стратешки документи од секторите во двете земји и изготвување на анкетен прашалник и мапирање на соодветни тела и стручни лица за дистрибуција на истиот.

Паралелно се работеше и на подготовка на **Општински планови за инвестиции во обновливи извори на енергија и мерки за подобрување на енергетската ефикасност** за општина Бутел и општина Медвеѓа, а започна и спроведувањето на 6 енергетски контроли на таргетирани јавни објекти.

Проектни партнери се Општина Медвеѓа, Република Србија, ЦеПроСАРД и Општина Бутел, Република Северна Македонија

Проектот е во времетраење од 16 месеци, со почеток на 16 јуни 2023. Проектот е ко-финансиран од Европската Унија.

## Проект Енергетски ефикасна градба и реновирање во Западен Балкан

Во првите три месеци од годината, проектниот тим активно работеше на **серија информативни сесии** чија цел е да се разговара за формирање Совети за зелена градба низ земјите од Западен Балкан, почнувајќи од Косово, потоа Република С. Македонија, Албанија, Црна Гора и Босна и Херцеговина. Овие сесии означуваат значаен чекор кон одрживиот развој во нашиот регион. **Советот за зелена градба** е организација која промовира одрживост во градежната индустрија. Овие Совети работат на влијание врз политиките, образование на професионалци и спроведување на стандарди за зелена градба кои водат кон посоодветни еколошки структури, поефикасни со ресурсите.

Формирањето на овие совети е повеќе од обична определба за заштита на животната средина, тоа е клучно движење кон поздрави и поодрживи простори за живеење. Преку едукација и застапување, Советите за зелена градба помагаат да се намалат еколошките отпечатоци, да се поттикне економскиот раст и да се создадат поздрави средини за идните генерации.

RECONOMY е регионална инклузивна и зелена програма за економски развој на Шведската агенција за меѓународна развојна соработка (Sida), имплементирана од HELVETAS Swiss Intercooperation во партнерство со Центар за промоција на одржливи земјоделски практики и рурален развој – ЦеПроСАРД и други во Источното партнерство и земјите од Западен Балкан.

Повеќе информации за проектот се достапни на следниот линк.

Проектот е со времетраење 41 месец, од 01.08.2023 – 31.12.2026.

## Соработка со граѓански организации

На 22.01.2024, присуствувавме на **"Презентацијата на Националната Карта на живеалишта на С. Македонија"**. Картата ќе биде дел од основата за идните процеси на планирање во земјата, почнувајќи во делот на просторното планирање, планирањето на заштитата на природата и природните вредности на нашата земја, како и во делот на идентификација на НАТУРА 2000 подрачја, како дел од севкупниот систем за планирање на заштитата на животната средина.

Картата е изработена во рамки на проект финансиран од страна на Европската банка за обнова и развој, спроведен од страна на Манеко Солушнс ДООЕЛ Скопје и национален тим на експерти, во соработка со Министерството за животна средина и просторно планирање.



Во февруари, во просториите на хотел Мериот земавме учество на настан од проектот **„Потрошувачите го предводат одговорот за развојот на енергетската амбиција на ЕУ - CLEAR-X“** во организација на „Организацијата на потрошувачите на Македонија – ОПМ“. Во првиот дел од средбата беа презентирани достигнувањата во рамки на проектот, а во вториот дел од средбата се организира панел дискусија на неколку теми.
Претставник од Министерство за економија, Марија Шишковска презентираше за унапредување на законската регулатива од областа на енергетиката и енергетската ефикасност и соодветни субвенции и олеснувања при вложување во енергетска ефикасност.

Климатските промени и инвестирање во обновливи извори на енергеја (ОИЕ), поволности и пречки, дефинирани од страна на Граѓанските организации, додека пак за енергетската сиромаштија, детектирани проблеми од страна на Граѓанските организации за што презентираа Билјана Дуковска – Македонска Платформа за сиромаштија, и Александар Авросиевски од ЦеПроСАРД.

На ден 15.02.2024 година во просторите на „Јавна соба“ наш претставник присуствуваше на презентацијата на **Анализа на е-услугите кои ги нудат општините во државата**, како резултат на истражувањето спроведено од Фондацијата „Метаморфозис“, кое се спровело по трет пат (2014, 2021, 2023), а го покажува напредокот во дигитализацијата на македонските општини.

Анализата беше презентирана од страна на Проф. Д-р Зоран Јаневски од Економскиот институт. Е-Услугите кои се нудат во моментов од страна на општините се сеуште на ниско ниво. Основнта цел на анлизата е транспарентност и отчетност, комуникацијата и добивањето на одобренијата, дозволи и други е-услуги да бидат лесно достапни до граѓаните, но заштитени согласно Законот.

## Усовршување на знаењето и вештините на тимот на ЗГ ЦеПроСАРД

На 11.01.2024, со свој претставник ја следевме дигиталната презентација за земјоделците и другите корисници на советодавни услуги за користење на "**Информатичкиот систем за управување и следење на Советодавниот систем за земјоделството и руралниот развој**".

Информатичкиот систем претставува дигитална алатка со цел да овозможи лесен пристап на земјоделците кон добивање на советодавни услуги и преглед на соодветни регистри, настани и вести од областа на нивното делување.

Ново-креираниот информатички систем е изработен во рамки на проект за Модернизација на Советодавните услуги за оператори во областа на земјоделството во Северна Македонија, финансиран од ЕУ.







## Соработка со локалната самоуправа

На 21.03.2024 година потпишавме ***Меморандум за соработка*** со цел вмрежување со Општина Карпош и граѓанските здруженија „Центар за ресурси во животната средина - РЕЦ“, Центар за одржлив развој АЛКА и ЗГ „Иницијатива за Економски Развој на Ромите РЕДИ - Скопје“ за **заедничко дејствување за зачувувањето на животната средина.**

Настанот се одржа во ООУ „Димо Хаџи Димов“, во рамки на проектот „Заедно во акција за селектирање, реупотреба, рециклирање и компостирање“ во организација на Општина Карпош и членовите од Здружението „Центар за ресурси во животната средина - РЕЦ“.

ЗГ ЦеПроСАРД секогаш ги поддржува проектите и активностите поврзани со екологијата во делот на управување со отпадот и се залага за зголемување на јавната свест за заштита на животната средина.

